| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Владата на Република Северна Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии и<br><br>проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии |
| ПОВЕРЕНИЦИ: | д-р Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерство за финансии,<br><br>Сузана Пенева, државен советник во Министерство за финансии<br>и<br><br>м-р Ленче Божиноска, раководител на сектор во Министерство за финансии |

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за градење на ефективни, транспарентни и отчетни институции за управување со јавните финансии, по скратена постапка

Скопје, јули 2026 година

ВОВЕД:

I.ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ:

Согласно Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за градење на ефективни, транспарентни и отчетни институции за управување со јавните финансии („Службен весник на Република Северна Македонија" број 246/2022), на 25.01.2023 година се склучи Договор за заем за финансирање на Проектот за градење на ефективни, транспарентни и отчетни институции за управување со јавните финансии, помеѓу Република Северна Македонија претставувана од министерот за финансии и Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка.

Со склучување на Договорот за заем обезбеден е заем во износ од 20.000.000 евра.

Согласно Законот за задолжување корисници на средствата од заемот се Министерството за финансии, Министерството за финансии - Управата за јавни приходи и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија за потребите на Кабинет во чиј делокруг се прашањата во врска со реализацијата на Проектот.

Досега од заемот од Светска банка повлечени се 800.000 евра.

Средствата од постојниот заем обезбедија конкретни подготвителни, технички и институционални резултати кои претставуваат основа за продолжување на реформите. Преку ангажираната техничка помош беа подготвени функционални и технички барања, договорна документација, пазарни анализи и придружни документи за клучните системи и реформски процеси поврзани со ИФМИС, САМИС и информациските решенија во Управата за јавни приходи.

Во делот на Управата за јавни приходи беа подготвени барања и тендерска документација за складиште на податоци (Data Warehouse - DW), алатки за бизнис интелигенција (Business Intelligence - BI), модернизација на услугите за даночните обврзници и комбиниран центар за корисничка поддршка на Управата за јавни приходи (Call Center/Help Desk). Со овие продукти беше поставена техничка основа за понатамошна модернизација на даночната администрација и за подобрување на дигиталните услуги за даночните обврзници.

Во делот на САМИС, техничката помош обезбеди стратешко советување и директна поддршка на надлежното работно тело, вклучително и периодични извештаи со функционални и технички барања за системот, тендерска документација за САМИС и протокол за соработка помеѓу Министерството за финансии и Кабинетот на заменик-претседателот на Владата задолжен за економски прашања.

Во делот на ИФМИС беа подготвувани и усогласувани техничките спецификации, функционалните барања и тендерската документација, како и документи и алатки за следење на секундарното законодавство и подзаконската регулатива во областа на буџетите и јавните финансии. Дополнително, беше обезбедена опрема за поддршка на работата на релевантните работни структури, вклучително и преносни компјутери за работното тело за ИФМИС.

Во рамките на ревизијата и проектното управување беа обезбедени ревизорски извештаи и писма до раководството за 2023, 2024 и 2025 година, како и стручна поддршка за проектно управување, набавки и финансиско управување. Овие активности обезбедија административна, финансиска и контролна основа за уредно затворање на постојниот проект и премин кон новата програмска рамка.

До 16.09.2025 година, реализацијата на проектот резултираше со исполнување на условите за ефективност, усвојување на Оперативниот прирачник, воспоставување на работните тела и механизмот за жалби, подготовка на техничка и тендерска документација за ИФМИС, ИФМИС инфраструктурата, САМИС и релевантните ИТ решенија за Управата за јавни приходи, како и со создавање документациска, техничка и институционална основа за премин кон новата Програма за резултати.

Имено, согласно Извадок од Нацрт-записникот од 111-та (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 септември 2025, а во однос на Информацијата во врска со статусот на Проектот за градење ефективни, транспарентни и отчетни институции за управување со јавните финансии, Министерството за финансии беше задолжено да продолжи со активностите околу градење на ефективни и отчетни институции за управување со јавните финансии, во соработка со Светска банка преку испитување на нов инструмент за имплементација и за истото да ја информира Владата.

Во оваа насока, Министерството за финансии и Светска банка ја редизајнираа финансиската и имплементациската структура преку инструментот „Програма за резултати“ (Program-for-Results - PforR), комбиниран со ограничена компонента за финансирање инвестициски проекти (Investment Project Financing - IPF) наменета за техничка помош. Новиот инструмент е пософодветен бидејќи ја поврзува исплатата на средствата со остварување на однапред договорени, мерливи и независно проверливи резултати, наместо со поединечни набавни активности. Со тоа се зајакнува реформскиот фокус, се зголемува институционалната одговорност, се задржува владината сопственост врз клучните ИКТ набавки, а техничката помош се насочува кон спецификации, стратегии, верификација, управување со промени и градење капацитети.

Во соработка со Светска банка дефинирана е нова финансиска и имплементациска структура на Проектот за градење ефективни, транспарентни и отчетни институции за управување со јавните финансии, кој се преименува во Програмска рамка за подобрување на јавните расходи, отчетноста и даночната администрација во Република Северна Македонија. Програмската рамка има за цел да го зајакне капацитетот на Република Северна Македонија за управување со јавните финансии и да овозможи поефикасно, потранспарентно и поодговорно управување со истите.

Финансиската структура на Програмската рамка е следна:

- заем во износ од 25 милиони евра обезбеден од два инструменти од Светка банка: 23 милиони евра од инструментот “Програма за резултати” (Program-for-Results) и 2 милиони евра од инструментот “Финансирање на инвестициски проекти“ (Investment Project Financing - IPF).

Програмската рамка ќе се имплементира од страна на Министерството за финансии, Управата за јавни приходи и Министерството за дигитална трансформација. Постојната проектна структура ќе продолжи да функционира како Единица за координација на

проектот, со надлежности за координација, следење, известување, поддршка на верификацијата и управување со техничката помош.

Програмската рамка ќе ја подобри транспарентноста и ефикасноста на јавните расходи и ефективноста на даночната администрација. Таа ги поддржува тековните реформски приоритети на Владата во областа на управувањето со јавните финансии и ќе придонесе за модернизација на системите за буџетирање, сметководство, надзор на државната помош и администрирање на даноци, во согласност со новиот Закон за буџети, Програмата за управување со јавните финансии 2025-2028 и Програмата за реформа на Управата за јавни приходи 2025-2028.

Постапувајќи по задолжение од Владата на Република Северна Македонија, Министерството за финансии во мај 2026 година достави допис до Светска банка за откажување на преостанатите средства од тековниот заем, со барање да достават потврда за откажувањето и ревидирана состојба на заемот, а воедно и да го достават нацрт - текстот на Амандманот на Договорот за заем.

Последователно, Светска банка го достави нацрт текстот на Амандманот на Договорот за заем. Текстот на Амандманот на Договорот за заем е усогласен со Светска банка на 02.07.2026 година.

Со склучување на Амандманот од вкупниот износ на тековниот заем (20.000.000 евра) ќе се откажат вкупно 19.200.000 евра, а датумот за затворање на проектот се менува и наместо 31.12.2027 година ќе биде 30.09.2026 година.

Услов за склучување на Амандманот на Договорот за заем е донесување на Законот за изменување на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за градење на ефективни, транспарентни и отчетни институции за управување со јавните финансии и негово објавување во Службен весник на Република Северна Македонија.

Оттука, Владата на Република Северна Македонија изготви Предлог на Закон за изменување на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за градење на ефективни, транспарентни и отчетни институции за управување со јавните финансии, по скратена постапка, кој го доставува до Собранието на Република Северна Македонија за усвојување.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН:

Основно начело врз основа на кое се заснова овој Предлог на Закон е откажување на неискористениот дел од заемот во износ од 19,2 милиони евра.

Оттука, Република Северна Македонија и Светска банка ќе склучат Амандман на Договорот за заем со кој е предвидено откажување на неискористениот дел од заемот во износ од 19,2 милиони евра.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:

Склучувањето на Амандманот на Договорот за заем нема да резултира со дополнителни обврски кон Светска банка кои треба да бидат подмирени.

Предлогот нема негативни финансиски последици врз Буџетот. Напротив, со откажувањето на неискористениот дел од постојниот заем се прекинува идната изложеност на Република Северна Македонија кон трошок по основ на неповлечени заемски средства. Согласно постојниот Договор за заем, овој трошок изнесува 0,25% годишно на неповлечениот износ и се плаќа на договорените датуми на плаќање. Дополнително, новиот договор за заем предвидува четиригодишен период во кој овој трошок не се пресметува, што ја подобрува финансиската позиција при преминот кон новата Програма за резултати.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ:

Финансиските средства потребни за спроведување на овој закон се образложени во Дел 3 на овој Предлог закон и во Образецот за проценка на фискалните импликации даден во прилог на овој материјал.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со оглед на тоа што се исполнети случаите утврдени во член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, односно не е во прашање донесување на сложен и обемен закон, се предлага Законот за изменување на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за градење на ефективни, транспарентни и отчетни институции за управување со јавните финансии, да се донесе по скратена постапка.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
за изменување на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за градење на ефективни, транспарентни и отчетни институции за управување со јавните финансии

Член 1

Во Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за градење на ефективни, транспарентни и отчетни институции за управување со јавните финансии („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 246/22), во членот 1 износот „20.000.000“ се заменува со износот „800.000“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ – СВЕТСКА БАНКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ГРАДЕЊЕ НА ЕФЕКТИВНИ, ТРАНСПАРЕНТНИ И ОТЧЕТНИ ИНСТИТУЦИИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВНИТЕ ФИНАНСИИ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН:

Владата на Република Северна Македонија на 37-та затворена седница одржана на 28.04.2026 година го задолжи Министерството за финансии да ја извести Светска банка за откажување на неискористените средства во износ најмногу до 19,2 милиони евра од тековниот заем, наменет за финансирање на Проектот за градење на ефективни, транспарентни и отчетни институции за управување со јавните финансии.

На 26.06.2026 година Светска банка го достави нацрт текстот на Амандманот на Договорот за заем. Текстот на Амандманот на Договорот за заем е усогласен со Светска банка на 02.07.2026 година.

Со склучување на Амандманот од вкупниот износ на тековниот заем (20.000.000 евра) ќе се откажат вкупно 19.200.000 евра, а датумот за затворање на проектот се менува и наместо 31.12.2027 година ќе биде 30.09.2026 година.

Досега од заемот повлечени се 800.000 евра, затоа во членот 1 од Законот износот „20.000.000“ евра се заменува со износот „800.000“ евра.

Светска банка нема да бара да се плаќа провизија за откажувањето на неискористениот дел од заемот во износ од 19.200.000 евра. Значи, склучувањето на Амандманот на договорот за заем нема да резултира со дополнителни обврски кон Светска банка кои ќе треба да бидат подмирени.

Поради итноста на потребата за склучување на Амандманот на договорот за заем, овој закон треба да влезе во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Оттука, Владата на Република Северна Македонија изготви Предлог на Законот за изменување на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за градење на ефективни, транспарентни и отчетни институции за управување со јавните финансии, по скратена постапка кој го доставува до Собранието на Република Северна Македонија за усвојување.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ:

Предложените одредби се направени во насока на откажување на неискористениот дел од заемот наменет за финансирање на Проектот за градење на ефективни, транспарентни и отчетни институции за управување со јавните финансии.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА:

Откажувањето на неискористениот дел од заемот ќе овозможи контролирано затворање на постојната заемска рамка и усогласување на финансиската и имплементациската структура со новата Програма за подобрување на јавните расходи, отчетноста и даночната администрација. Со предложеното решение се избегнува натамошно резервирање на неповлечени заемски средства во проектна структура која повеќе не е оптимална за спроведување на реформите; се намалува изложеноста кон идни трошоци поврзани со неповлечени средства; се обезбедува континуитет на веќе подготвените технички и институционални резултати; и се создава основа за премин кон инструмент кој ги врзува исплатите со реално постигнати и проверени реформски резултати.

Поконкретно, новиот инструмент „Програма за резултати“ е посоодветен бидејќи: (i) го поврзува повлекувањето на средствата со остварување на договорени DLI/DLR резултати, а не со самото спроведување на набавни постапки; (ii) воведува појасна отчетност преку матрица на резултати, независна верификација и формални протоколи за докажување на постигнувањата; (iii) ја задржува владината сопственост врз клучните ИКТ набавки и нивното усогласување со националните буџетски, дигитални и сајбер-безбедносни приоритети; (iv) ја насочува IPF компонентата кон техничка помош, спецификации, стратегии, капацитети, верификација и управување со промени; и (v) го намалува ризикот од долгорочно резервирање средства без соодветна имплементациска динамика.

Извод од одредбите на Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за градење на ефективни, транспарентни и отчетни институции за управување со јавните финансии

Член 1

Република Северна Македонија се задолжува кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка со заем во износ од 20.000.000 евра, наменет за реализација на Проектот за градење на ефективни, транспарентни и отчетни институции за управување со јавните финансии.

Влада на Република Северна Македонија

# ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

| 1. Назив на предлогот: | 2. Министерство / орган на државна управа : |
|---|---|
| Предлог на Закон за изменување на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за градење на ефективни, транспарентни и отчетни институции за управување со јавните финансии, по скратена постапка | Министерство за финансии |
| **3. Цел на предлогот:** | **4. Вид на предлог:** |
| Откажување на делот од заемот од Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка наменет за имплементација на Проектот за градење на ефективни, транспарентни и отчетни институции за управување со јавните финансии, во износ од 19.200.000 евра. | Предлог на Закон за изменување на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за градење на ефективни, транспарентни и отчетни институции за управување со јавните финансии, по скратена постапка |
| **5. Контакт лице и звање:** | **6. Контакт тел./факс или е-пошта:** |
| Сузана Пенева, државен советник<br><br>м-р Ленче Божиноска, раководител на сектор | Тел. 3255-373<br>suzana.stoimceva@finance.gov.mk<br><br>Тел. 3255-420<br>lence.bozinoska@finance.gov.mk |

**7. Активност:**

**8. Вид на барање:**

| | | |
|---|---|---|
| ( ) Регулатива во врска со ЕУ | ( ) Нова програма | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми |
| ( ) Друга нова регулатива | ( ) Зголемување / намалување на постоечка програма | ( ) Спојување на две или повеќе програми |

**9. Цел на барањето / предложената активност:**

Со донесувањето на Законот за изменување на Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за градење на ефективни, транспарентни и отчетни институции за управување со јавните финансии, ќе се откаже дел од заемот од Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка наменет за

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| имплементација на проектот, во износ од 19.200.000 евра. | | | | |
| **10. Врска со владината програма:** | | | | |
| | | | | |
| **11. Фискални импликации:** | **(илјади денари)** | | | |
| | **Тековна год.** | **Втора год.** | **Трета год.** | **Четврта год.** |
| А.Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| B.Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| C.Промена (разлика) од одобрените средства (B-A)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| D.Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| E.Нето импликации на средствата на органот (C-D)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| F.Зголемување / намалување на приходите | | | | |
| G.Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Извор: Заем од Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка | | | | |
| 12. Нето зголемување /намалување на бројот на вработени во врска со предлогот: | | | | |
| 13. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 A до 11 G) | | | | |
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, да се | | | | |

| | |
|---|---|
| даде образложение | |
| 15. Дата на завршување на проценката | |
| 16. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии | |
| 18. Измени побарани од Министерството за финансии | |
| 19. Одговор на министерството-предлагач: | |
| 20. Одговор од Министерството за финансии: | |
| 21. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог | |

22. Одобрено / Дата:

| | | | |
|---|---|---|---|
| ____________________<br>Државен секретар<br>д-р Андријана Матлиоска | ___/___/___<br>Ден / месец / год. | ____________________<br>Министер за финансии<br>м-р Гордана Димитриеска – Кочоска | ___/___/___<br>Ден/ месец/год. |

Изготвил: Ивана Стојкоска
Проверил: Драгана Филиповска
Одобрил: Кристина Павловска/м-р Ленче Божиноска/
Сузана Пенева

Проверил: Марија Бишкоска Јаковиќ/
Душица Илиевска/
Андреј Ангеловски/
Јасмина Вукиќевиќ